# ПРОЦЕНКА НА САМОСТОЈНОСТА ВО ИЗВЕДУВАЊЕТО НА СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ КАЈ ДЕЦАТА СО ХИДРОЦЕФАЛУС И ДЕЦАТА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА

*Сања АТАНАСОВСКА*

Завод за физикална медицина и рехабилитација, Скопје, Република Македонија

Примено: 20.07.2015
Прифатено: 05.08.2015

Сања Атанасовска го одбрани својот магистерски труд на 06. 04. 2015 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, пред комисијата во состав: проф. д-р Наташа Чичевска – Јованова, проф. д-р Владимир Трајковски и проф. д-р Даниела Димитрова – Радојичиќ.

***Резиме***

Магистерскиот труд е презентиран на 111 страници. Трудот ги содржи следните делови: *Вовед, Теоретски дел, Истражувачки дел* составен од: *Методологија на истражувањето, Анализа и интрепретација на резултатите, Дискусија, Заклучоци и препораки, Прилози* и *Литература.*

Во **Воведниот дел** се дефинирани поимите церебрална парализа и хидроцефалус. Церебралната парализа е хронично, непрогресивно оштетување на мозокот, кое настанува за време на бременоста, раѓањето и во постнаталниот период во текот на првите години (ран психомоторен забавен развој). Хидроцефалусот претставува зголемено количество на цереброспинална течност и проширување на церебралните вентрикули. Во зависност од обликот на церебралната парализа и во зависност од тоа дали детето има хидроцефалус или не, зависи и нивниот начин на живот и функцинирањето во секојдневието.

Адреса за кореспонденција:
Сања *АТАНАСОВСКА*
Ул. Елисие Попоски бр. 28
1000 Скопје, Р. Македонија
Е-пошта: sanjcej@gmail.com

# EVALUATION OF THE INDEPENDENCE OF CHILDREN WITH CEREBRAL PALSY AND HYDROCEPHALUS FOR PERFORMING EVERYDAY ACTIVITIES

*Sanja ATANASOVSKA*

Department of Physical Medicine and Rehabilitation, Skopje, Republic of Macedonia

Recived: 20.07.2015
Accepted: 05.08.2015

Sanja Atanasovska defended her master’s thesis on 06.04.2015, at the Institute od Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, “Ss.Cyril and Methodius” University in Skopje, in front of the commission consisted of: Prof. Dr. Natasha Chichevska – Jovanova, Prof. Dr. Vladimir Trajkovski and Prof. Dr. Daniela Dimitrova – Radojichikj.

***Abstract***

The master’s thesis is presented on 111 pages. The paper contains the following parts: *Introduction, Theoretical part, Research, composed of Methodology of Research, Analysis and Interpretation of Results, Discussion, Conclusions, Recommendations, Attachments and Literature.*

The **Introduction** explains the concept of cerebral palsy and hydrocephalus. Cerebral palsy is chronic, no progressive damage of the brain, which can be developed during pregnancy, birth or in the first few years of the postnatal period (the slow psychomotor early-development). Hydrocephalus represents increased quantity of cerebral liquid and expansion of the cerebral ventricles. The way of life and the everyday functioning depends on the type of the cerebral palsy and whether the child is diagnosed with hydrocephalus.

Corresponding Address:
Sanja *ATANASOVSKA*
Elisie Popovski Str. No. 28
1000 Skopje, R. Macedonia
E-mail: sanjcej@gmail.com

Кај овие деца е отежнато самозгрижувањето и најчесто се зависни од друго лице. Овие деца ја губат способноста да ги контролираат мускулите. Поради тоа овие деца имаат отежнат трансфер, станување, седнување и најчесто им помага друго лице.

Во **Теоретскиот дел** се опишани дефиниции за церебралната парализа и хидроцефалусот од повеќе автори кои се сретнуваат во медицинската литература. Наведени се етиолошките фактори за настанување на церебралната парализа и хидроцефалусот, како и инциденцијата и преваленцијата за овие две состојби. Во теоретскиот дел е претставено и раното дијагностицирање на церебралната парализа и хидроцефалусот, клиничката слика, класификацијата и рехабилитацијата.

Во **Истражувачкиот дел,** дадена е методологијата на истражување и притоа се дефинирани предметот, целта и карактерот на истражувањето, задачите, хипотезите, варијаблите, методите, техниките и инструментите, примерокот, статистичката обработка на податоците, местото, времето, организацијата и текот на истражувањето. Предмет на ова истражување е проценка на самостојноста во изведувањето на секојдневните активности на децата со церебрална парализа и децата со церебрална парализа и хидроцефалус. Добиените резултати ни овозможуваат да направиме споредба како се самозгрижува дете со церебрална парализа, а како дете со церебрална парализа и хидроцефалус.

Примерокот се состои од 64 испитаника, поделени во две групи по 32 испитаника. Во едната група се деца со церебрална парализа, а во другата група се деца со церебрална парализа и хидроцефалус. Основната цел на истражувањето е да се утврди како овие две групи деца ги надминуваат бариерите на кои наидуваат во секојдневниот живот и степенот на самостојност, т.е зависноста од страна на друго лице. Во истражувањето е користен анкетен прашалник специјално конструиран за оваа проблематика. Во ова истражување се користи и методот на компарација за да се споредат двете групи. Добиените резулта-

Children with this diagnose cannot take care of themselves. They lose ability to control their muscles. The help of other person is needed because they have difficulties with the transfer, with sitting down and standing up.

In the **Theoretical part** are described definitions of cerebral palsy and hydrocephalus from more than one author that are present in medical literature. Etiological facts for occurrence of cerebral palsy and hydrocephalus are described, as well as the incidence and prevalence for both conditions. The early diagnostics of cerebral palsy and hydrocephalus, the clinical picture, the classification and the rehabilitation are also shown in the theoretical part.

In the **research** is given the methodology of research and the subject, goal and character of research, quests, hypothesis, variables, methods, techniques and instruments, examples, processing of statistic data, place, time, organization and flow of research are defined. The subject of this research is estimation of the ability to perform the daily activities of the children diagnosed with cerebral palsy and cerebral palsy and hydrocephalus by themselves. The gained results give us opportunity to make the correlation of how the care is done by the children diagnosed with cerebral palsy and how by the children diagnosed with cerebral palsy and hydrocephalus. There were 64 examinees, divided in two groups of 32. In the first group, there were children diagnosed with cerebral palsy and in the second with cerebral palsy and hydrocephalus. The key point of this research is to elaborate how this group of children is struggling with daily activities and the level of self-reliance or level of dependence of other people. A questionnaire was created especially for this issue. The results from this research were gained through method of comparison. Received outcomes were statistically processed with help of $\chi^2$ test and Fisher Exact

ти беа статистички обработени со помош на $\chi^2$-тестот и Fisher Exact- тестот, на ниво на значајност од $p < 0,05$.

**Резултатите** покажаа дека 90% од испитаниците имаат потреба од друго лице при извршување на секојдневните активности и имаат тешкотии и пречки во самостојното извршување на активностите. Со помош на помагало и асистенција од друго лице одат (62,5%) од децата со церебрална парализа и (59,4%) од децата со церебрална парализа и хидроцефалус. Голем процент од децата со церебрална парализа (43,8%) и децата со церебрална парализа и хидроцефалус (40,6%) се зависни од друго лице при одење по голема нужда.

Според резултатите добиени од истражувањето и нивната статистичка обработка се **заклучи** дека постои статистичка значајност во степенот на самостојност и самозгрижувањето кај децата со церебрална парализа и децата со церебрална парализа и хидроцефалус. Ова истражување покажа дека децата со церебрална парализа имаат поголемо нарушување во моториката и подвижноста и со тоа нивниот степен на самостојност е намален.

***Клучни зборови:*** *церебрална парализа, хидроцефалус, секојдневни активности, рехабилитација*

test, with level of significance of $p = 0.05$.

The **results** indicate that 90% of the examinees had the need of other person for performing the daily activities and had difficulties and obstacles for performing them independently. 62.5% of persons with cerebral palsy and 59.4% of persons with cerebral palsy and hydrocephalus are walking with help of tools or assistance of another person. Big percent of children with cerebral palsy (43.8%) and children with cerebral palsy and hydrocephalus (40.6%) are dependent on another person while they go to the toilet.

According to the results from this research and their statistical processing it was **concluded** that there was statistical signifycance in the level of self-reliance or dependence on others for the children diagnosed with cerebral palsy and the children diagnosed with cerebral palsy and hydrocephalus. This research showed that children with cerebral palsy have greater impairment of motor skills and mobility and therefore, their level of independence is smaller.

***Keywords***: *cerebral palsy, hydrocephalus, daily activities, rehabilitation*